Република Северна Македонија
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
Republica e Maqedonisë së Veriut
KËSHILLI I INSPEKTORIATEVE
Бр./Nr. 01-1100/1
24. 12. 2021 20___ год./viti.
Скопје - Shkup

# ГОДИШЕН ПЛАН

на внатрешна ревизија во

ИСНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ

---

за 2022 година

Декември, 2021 година

Скопје

Содржина

I. ВОВЕД 3

II. ВРСКА ПОМЕЃУ СТРАТЕШКОТО И ГОДИШНОТО ПЛАНИРАЊЕ 3

2.1. Усогласеност на планираните ревизии со Стратешкиот план 3

2.2. Активности во врска со остварувањето на целите на внатрешната ревизија 3

III. АКТИВНОСТИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ВО 2022 година 4

3.1. Ревизии кои се пренесени од претходната година 4

3.2. Поединечни ревизии 2022 година 4

3.3. Други активности на внатрешната ревизија 5

IV. КАДРОВСКИ КАПАЦИТЕТИ 6

4.1. Утврдување на можен број ревизорски денови во годината 6

4.2. Пресметка на потребното време за активностите во Годишниот план 6

V. ЗАКЛУЧОК 7

# I. ВОВЕД

Годишниот план за 2022 година изготвен е врз основа на Стратешкиот план за периодот 2022-2024 година на внатрешната ревизија, донесен од страна на Претседателот на Инспекциски совет.

Во него се содржани активностите на внатрешната ревизија во врска со остварувањето на целите на внатрешната ревизија од Стратешкиот план за периодот 2022-2024 година, со што се одредени целите, опфатот и активности кои се потребни за извршување на поединечната ревизија за 2020 година.

Во случај на потреба, а поврзано со значителните промени кои може да се појават во работењето во текот на годината и кои влијаат на активностите на внатрешната ревизија, Годишниот план ќе се ажурира.

Секоја промена на Годишниот план го одобрува претседателот.

# II. ВРСКА НА СТРАТЕШКОТО И ГОДИШНОТО ПЛАНИРАЊЕ

## 2.1. Усогласеност на планираните ревизии со Стратешкиот план

Поединечната ревизија планирана за 2021 година е усогласени со усвоениот Стратешки план за ревизија за периодот 2022-2024 година. Односот помеѓу задачите кои се планирани во стратешкиот и годишниот план прикажан е во следната табела:

*Табела 1: Врска на планираната ревизија во Стратешкиот и Годишниот план*

| Приоритетни области на ревизија во првата година на Стратешкиот план | Планирани ревизии во тековната година |
|---|---|
| Одржување на обуки на инспектори | Ревизија на системите на внатрешни контроли при одржување на обуки на инспектори во Инспекциски совет |

## 2.2. Активности поврзани со остварувањето на целите на внатрешната ревизија

Внатрешна ревизија ќе ги спроведе следните активности и поединечна ревизија со цел реализација на поставените цели, односно насоката на работа на внатрешната ревизија е следна:

*Табела 2: Активности поврзани со остварувањето на целите на ЕВР*

| Бр. | Цел на внатрешната ревизија | Активности на внатрешната ревизија за остварување на целите | Планирање на поединечните ревизии |
|---|---|---|---|
| 1. | Утврдување дали системите на внатрешна контрола обезбедуваат ефикасна реализација на потребните обуки на инспектори во ИС | Подготовка на поединечна ревизија и предлагање на препораки доколку тоа е потребно | Ревизија на системите за внатрешна контрола при реализација на обуки на инспектори во ИС |

Основна цел на внатрешната ревизија е на претседателот на Инспекциски совет да му обезбеди независно разумно објективно уверување за навремено носење на предвидените подзаконски акти предвидени со новиот ЗИН и негова непречена примена во пракса со посебен осврт на формата и содржината на извештајот за работа на инспекциските служби.

## III. АКТИВНОСТИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ВО 2022 ГОДИНА

### 3.1. Ревизии пренесени од претходната година

Со Годишниот план за тековната 2022 година нема пренесени ревизии од претходната година.

### 3.2. Поединечни ревизии во 2022 година

Внатрешна ревизија во 2022 година ќе ја спроведе следната поединечна ревизија поради реализација на целите кои се дефинирани во Стратешкиот план за период 2022-2024 година како што следува:

| | |
|---|---|
| Име на ревизијата: | Ревизија на системите за внатрешна контрола при реализација на обуки на инспектори во ИС |
| Ниво на ризик *(висок, среден, низок)*: | Висок |
| Цел на ревизијата: | Да се даде уверување на високото раководство за обезбедени внатрешни контроли при реализација на потребните обуки на инспектори во ИС |
| Опфат на ревизијата: | 2021 година |

| | |
|---|---|
| Организациони единици вклучени во Ревизијата | -Инспекциски совет, со стручни служби и лица |
| Институции во надлежност | |
| Ревизорски методи: | Преглед на документација, интервјуа со вработени лица |

Планираните ревизии ќе бидат спроведени според следниот распоред:

*Табела 3: Годишен план за ревизија – приказ по месеци*

| Име на ревизија | 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 | 07 | 08 | 09 | 10 | 11 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |
| Ревизија на системите за внатрешна контрола при реализација на обуки на инспектори во ИС | | | | | | |  | | | | | |

## 3.3. Други активности на внатрешната ревизија

Во тековната 2022 година внатрешна ревизија има планирано и останати активности за спроведување и тоа:

1. Ревизии во Агенцијата за храна и ветеринарство;
2. Подготовка на Стратешки план и Годишен план за Агенцијата за храна и ветеринарство и за Инспекциски совет;
3. Подготовка на Годишен извештаја за Агенцијата за храна и ветеринарство и за Инспекциски совет;
4. Ат хок ревизии по потреба и барање на раководството;
5. Електронска евиденција и следење на препораките дадени во ревизорските извештаи;
6. Општи советодавни активности при носење на стратешки одлуки;
7. Комплетирање на документацијата и нејзино уредно чување од спроведени ревизии;
8. Стручно усовршување согласно програмите за обуки,
9. Соработка со секторот за стручна, логистичка и финансиска поддршка и ангажираниот вработен за извршување на сметководствени работи од заеднички служби, и
10. Останати активности врзани со функционирање на внатрешната ревизија во Агенцијата за храна и ветеринарство и Инспекциски совет.

## IV. КАДРОВСКИ КАПАЦИТЕТИ

### 4.1. Утврдување на можен број на ревизорски денови во годината

*Табела 4: Пресметка на бројот на ревизорски денови во 2020 година*

| | |
|---|---|
| Вкупен број на денови во годината | 365 |
| Број на викенд денови | 103 |
| Број на денови од годишен одмор | 26 |
| Број на денови од државни празници | 15 |
| Број на ревизорски денови во 2020 година | 221 |

### 4.2. Пресметката на потребното време за активностите во Годишниот план

*Табела 5: Пресметка на потребното времето за ревизорските активности во 2020 година*

| | |
|---|---|
| Активности и ревизија во Инспекциски совет | 64 |
| 3 поединечни ревизии во Агенција за храна и ветеринарство | 157 |
| Вкупно потребни ревизорски денови | 221 |
| Расположиви ревизорски денови | 221 |
| Потрошен број на денови по ревизија | 55 |
| Број на ревизори во 2020 година | 1 |

Ако се има во предвид бројот на значајни и ризични активности и постоечките човечки ресурси во одделението за внатрешна ревизија може да се констатира дека недостасуваат кадровски капацитети за навремено квалитетно спроведување на сите зацртани активности и исполнување на целите согласно Годишниот план за работа на внатрешната ревизија во 2021 година. Во текот на годината ќе се изврши соодветно прилагодување на планираните ревизии и ангажираност во АХВ и ИС со преземање на мерки и активности за навремена реализација на зацртаниот план за работа на внатрешната ревизија.

Воедно може да укажиме дека се преземаат мерки за зајакнување на човечките ресурси во одделението за внатрешна ревизија за 2022 година за непречено спроведување на Годишниот план и овозможување на планирање на поголем опфат на ревидирани области во наведените институции.

## V. ЗАКЛУЧОК

Во текот на 2022 година, внатрешната ревизија своите активности ќе ги насочи кон:

- Обезбедување квалитет во извршувањето на ревизиите и навремено спроведување на Годишниот план за работа на внатрешната ревизија,
- Усогласување односно давање препораки за практична примена на регулативата при спроведување на инспекцискиот надзор согласно ЗИН, со посебен осврт при известување полугодишно и годишно за работата на инспекциските служби и ублажување на проценетите ризици,
- Примена на новите стандарди на постапување и новини во врска со методолошкиот пристап при извршување на функцијата на внатрешната ревизија,
- Овозможување постојано стручно усовршување за стекнување на нови и проширување на стекнатите знаења и вештини во склад со важечките регулативи за континуирано стручно усовршување на внатрешните ревизори во јавниот сектор,
- Постојана соработка и комуникација со Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола и хармонизација на внатрешната ревизија при Министерството за финансии, соработка со останати ревизорски единици од други институции, како и соработка со Државниот завод за ревизија се со цел размена на информации, искуства и пракси за проширување на знаењата.

Датум: 16.12.2021 година

Раководител на одделение
за внатрешната ревизија,
Виолета Јовановска

Претседател
на Инспекциски совет,
М-р Магдалена Филиповска Грашкоска

# ПРЕГЛЕД НА РИЗИЦИ-2022

## ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | Клучни процеси | Цели | Ризик | Влијание | Веројатност | Резидуален ризик | Фактор на ризик | Пондер на ризик (ф х п = и) | Индекс на ризик |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Воспоставување на систем на оценување на успешноста во работата на инспекторите во инспекторатите/инспекциските служби | Воспоставување и развој на софтверско решение за инспекциски служби (е-инспектори) со воспоставување ефикасен систем на оценување на работата на инспекторите | Неадекватен систем на оценување и доведување до ситуација за нереално оценување на инспекторите и спроведување на надлежните активности | Средно високо 3 | Очекувано 5 | среден | А=0<br>Б=3<br>В=5<br>Г=5 | 0*3=0<br>2*3=6<br>2*5=10<br>4*5=20 | среден 36 |
| 2. | Нов Закон за инспекциски надзор | Унапредување на ефикасноста, ефективноста и квалитетот во работењето на инспекциските служби | Не усогласени материјалните закони по кои постапуваат инспекторатите со Законот за прекршоци и Законот за инспекциски надзор | Многу високо 4 | Очекувано 5 | висок | А=0<br>Б=5<br>В=5<br>Г=5 | 3*0=0<br>2*5=10<br>2*5=10<br>4*5=20 | среден 40 |
| 3. | Кадровска екипираност на Инспекциски совет | Да се воспостави развој на човечките ресурси за подобрување на утврдените состојби и давање препораки за нивно подобрување | Недоволна кадровска екипираност во секторот за обуки, за следење и координација на инспекциските служби, за ИКТ поддршка и одделението за е-инспекции | Многу високо 4 | Извесно 4 | високо | А=0<br>Б=3<br>В=3<br>Г=5 | 3*0=0<br>2*3=6<br>2*3=6<br>4*5=20 | Среден 32 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Развој и имплементација на тренинг програми и оспособување на просторија за вршење на обуките | Адаптација на просторот и непречено спроведување на твининг програми за обуки и усовршување на инспекторите | Немање на простор доведува до отежнување на процесот на стручно усовршување на инспекторите | Средно високо 3 | Очекувано 5 | среден | А=2<br>Б=3<br>В=3<br>Г=5 | 2*3=6<br>2*3=6<br>2*3=6<br>4*5=20 | Среден 38 |

Објаснување при проценка на ризиците во планирањето на ревизиите во Инспекциски совет , односно при изработката на горниот преглед на оценка на ризици:

## I. Кртериуми, т.е. влијанија при определување на ризиците :

-Постигнување на целите

-Финансиски

-Репутациски (интигритет, одговорност)

-Кадровски

-Работни

| Бодување | | | |
|---|---|---|---|
| **Влијание** | | **Веројатност** | |
| Ниско | 1 | Ретко | 1 |
| Средно | 2 | Малку веројатно | 2 |
| Високо | 3 | Средно | 3 |
| Многу високо | 4 | Веројатно | 4 |
| | | Очекувано | 5 |

## II. Фактори на ризици

| Фактори на ризици | Бодирање | Пондер |
|---|---|---|
| **А.Материјалност** | | **3** |
| Учество во буџет помалку од 1% | 0 | |
| Учество ... од 5-10% | 2 | |
| Учество... од 25-50 % | 3 | |
| Учество... од најм.75 % | 5 | |
| **Б.Контролно опкружување/ранливост** | | **2** |
| Добро контролиран систем со мал ризик за грешка и измама | 0 | |
| Разумно контролиран систем со одреден ризик и грешка | 3 | |
| Систем со историска слаба контрола со висок ризик за измама | 5 | |
| **В.Осетливост** | | **2** |
| Минимална надворешна изложеност на системот | 0 | |
| Можност за одделна надворешна посрамотеност доколку системот не е ефикасен | 3 | |
| Значајни проблеми во односите со јавноста или правни проблеми доколку системот не е ефикасен | 5 | |
| **Г.Загриженоста на раководството** | | **4** |
| Систем на ниска иложеност низ субјектот што има мало влијание на остварување на целите | 0 | |
| Систем на висока изложеност кој во блиско минато предизвикал одредена загриженост на раководството по неуспесите кои се повторуваат | 5 | |

## III. ИНДЕКС НА РИЗИК

| Елемент | Пондер |
|---|---|
| А.Материјалност | 3 |
| Б.Контролно опкружување/ранливост | 2 |
| В.Осетливост | 2 |
| Г.Загриженоста на раководството | 4 |

**ИНДЕКС НА РИЗИК =(Ах3)+(Бх2)+(Вх2)+(Гх4)**

| Индекс на ризик | Категорија на ризик |
|---|---|
| Преку 49 | **Висока** |
| 30-49 | **Средна** |
| Помалку од 30 | **Ниска** |

Раководител на одделение на внатрешна ревизија,
Виолета Јовановска

Скопје, 11.12.2022 година